**МладинскиКултурен Центар-Битола**

**Претставување на извештајот од истражувањето на состојбата во неформалното образование во Република Македонија**

http://www.mkcbt.org.mk/files/neformalno_obrazovanie_izvestaj.pdf

http://www.mkcbt.org.mk/files/anketa_NFO.pdf

Капацитетите и знаењата што ги нудат спроведувачите на разни обуки и тренинзи во земјава не се доволно искористени. Иако скоро половина од организациите опфатени со истражувањето спроведуваат разни обуки и тренинзи, дипломите и сертификатите што тие ги издаваат не се признаени во формалниот образовен систем. Над 60 отсто од анкетираните сметаат дека јавноста не го разбира доволно концептот на неформално образование, што е особено изразено кај најранливите социјални групи, како што се невработените во 4тата или 5тата декада од животот, кои имаат голема потреба од доквалификација или преквалификација за да можат да бидат конкурентни на пазарот на работна сила. Ова се само некои од показателите добиени со истражувањето на состојбата во неформалното образование во Република Македонија, кои укажуваат на итна потреба од поголем ангажман насочен кон стандардизирањето на неформалното образование, и подобро запознавање на јавноста за корисните знаења и вештини што можат да се стекнат на овој начин.

Во истражувањето, во периодот февруари - април 2009 година, се спроведе анкета во 63 институции испорачувачи на неформално образование, најголем дел од граѓанскиот сектор, потоа во приватниот и јавниот сектор. Во рамките на истражувањето се реализираа и две тркалезни маси со фокус групи и состаноци со релевантни државни институции на следните теми: состојбите во овој сектор, постоечките јазови (и проблеми), предизвиците кои треба да се идентификуваат, сојузите/мрежите кои треба да се создадат, со цел создавање на појдовна основа за обезбедување конзистеност и систематичност во градењето на идните политики, стратегии и активности.

Главниот фокус на истражувањето е ставен на: европската ориентација и тековните практики во доменот на неформалното образование, состојбите во Република Македонија во однос на правната рамка и институционалната поддршка, улогата на невладиниот сектор во областа на неформалното образование, истражувањето на можностите за партнерски соработки и заеднички приоди кои водат кон подобрување на состојбите во земјата во областа на неформалното образование.

Главните наоди од истражувањето се:

- Скоро 43% од организациите доделуваат дипломи за спроведените обуки, а 46% го прават тоа повремено. Анкетираните во висок процент, 53,7% сметаат дека образовните организации се уште не го признаваат неформалното образование, односно дека дипломите и сертификатите кои ги доделуваат не се признаени во формалниот образовен систем.
- Според возрасната структура, најголем број корисници се на возраст меѓу 15 и 45 години, што зборува дека за висок интерес за надградба на своите знаења и вештини кај оваа старосна група. Најголем дел од слушателите на обуки се вработени, студенти, ученици и невработени, а најнизок процент на опфатени општествени категории се домаќинките, пензионерите, земјоделците, лицата со посебни потреби итн. Податокот дека возрасната структура над 46 години покажува интересирање во многу мал процент, имајќи ја предвид високата стапка на невработеност во земјава и фактот дека најголем дел од невработените се во 4-тата и 5-тата декада од животот, зборува за недоволните активни мерки за опфаќање на оваа популација и нејзина инклузија во општеството.
- На прашањето во каква состојба е неформалното образование во земјава, 65,6% одговориле дека е многу добра. На прашањето дали јавноста го разбира неформалното образование е добиен прилично

Ул. Цар Самуил 29 Битола 7000 Р Македонија Тел: 047 233 020 Факс: 047 203 925
E-mail: mkcbt@mt.net.mk Web: http:// www.mkcbt.org.mk
Ж. с-ка 500000000-2621-21 ЕДБ 4002999138826 Стопанска Банка АД Битола

контроверзен индикатор - 62,5% од анкетираните сметаат дека тоа не е случај. Оние 17,2% кои сметале дека јавноста го разбира, натаму одговориле дека јавноста и го прифаќа неформалното образование.

## ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА ПРОЕКТОТ "ПРЕПОЗНАВАЊЕ И АФИРМАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА"

*„Човекот учи додека е жив" – со стандардизација на доживотното учење до верификација и валидност на стекнатите знаења и вештини*

Неформалното образование подразбира планско, организирано и систематско стекнување на знаења и вештини надвор од редовниот образовен систем, а има за цел зголемување на работните и професионалните компетенции, но и сеопфатен квалитетен живот на личноста.

Целта на проектот *Препознавање и афирмација на неформалното образование во Р. Македонија* е започнување на процес на стандардизација на неформалното образование, со што ќе се признаат знаењата и вештините на граѓаните стекнати во воншколски контекст и ќе се подобри квалитетот на образованието во Р. Македонија.

Проектот е овозможен со поддршка од Институт за трајни заедници (ИТЗ) преку фондови на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД).

Мислењата што се овде изразени му припаѓаат на Младинскиот културен центар – Битола и не ги одразуваат ставовите на Институт за трајни заедници (ИТЗ) или на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД). Исто така, спомнувањето трговски марки или комерцијални производи не претставува поддршка или препорака за користење.

Лице за контакт: Мери Нашоку, 075 468 651

Ул. Цар Самуил 29 Битола 7000 Р Македонија Тел: 047 233 020 Факс: 047 203 925
E-mail: mkcbt@mt.net.mk Web: http:// www.mkcbt.org.mk
Ж. с-ка 500000000-2621-21 ЕДБ 4002999138826 Стопанска Банка АД Битола